  

# акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари претставуваат клучен извор на средства кој може да се искористи за финансирање на програмите за зависности кои ги спроведуваат граѓанските организации

*Извештај од спроведен мониторинг на буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство за 2018 и 2019 година*

*Автори: м-р Дарко Антиќ и Влатко Деков*

**Издавач**
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

**За издавачот**
Хајди Штерјова Симоновиќ, извршна директорка, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

**Наслов**
Акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари претставуваат клучен извор на средства кој може да се искористи за финансирање на програмите за зависности кои ги спроведуваат граѓанските организации

**Автори**
м-р Дарко Антиќ
Влатко Деков

**Лектура**
Весна Костоска

**Дизајн**
Кома Дизајн Студио

**Печати**
Датапонс

**Цитирајте ја оваа публикација на следниов начин:**
Антиќ, Дарко и Деков, Влатко. **Акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари претставуваат клучен извор на средства кој може да се искористи за финансирање на програмите за зависности кои ги спроведуваат граѓанските организации:** Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2020 година.

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

613.83:061.23]:336.22(497.7)(047)

АНТИЌ, Дарко

Акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари претставуваат клучен извор на средства кој може да се искористи за финансирање на програмите за зависности кои ги спроведуваат граѓанските организации : извештај од спроведен мониторинг на буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство за 2018 и 2019 година / автори Дарко Антиќ, Влатко Деков. - Скопје : ХОПС-опции за здрав живот, 2020. - 27 стр. :

илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4701-43-9

1. Деков, Влатко [автор]
а) Граѓански организации - Програми за зависноти - Финансирање - Акцизи - Македонија - Извештаи

COBISS.MK-ID 51886341









# признание



Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје изразува особена благодарност до сите лица кои се вклучија во подготовката на оваа анализа која ги содржи резултатите од спроведената анализа на начинот на прибирање, на трошење, на распределба и на дистрибуција на средствата кои Царинската управа ги префрлила на сметката на самофинансирачки активности на Министерството за здравство од наплата на акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари во 2018 и 2019 година.  Оваа анализа се изработува секоја година како дел од редовните активности за мониторинг на буџети и застапување на здружението и претставува четврта по ред анализа од овој вид.

Посебна благодарност упатуваме до Царинската управа и Министерството за здравство на Република Северна Македонија кои, во рамките на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, обезбедија податоци кои понатаму беа анализирани, а чии резултати се презентирани во оваа анализа.

Оваа анализа беше овозможена со финансиска поддршка од Фондација „Отворено општество – Македонија“.



# содржина

Скратеници стр | 5

Вовед стр | 6

1. Цел, предмет и методологија стр | 10

2. Заклучоци стр | 12

3. Препораки стр | 14

4. Наоди стр | 16

Анекс 1 – Распределба на средства од наплатени акцизи за етил алкохол, за пиво и за цигари меѓу програмите за здравствена заштита од буџетот на Министерството за здравство стр | 17

Користена литература стр | 38













# Скратеници

СИДА – Синдром на стекната имунодефициенција

ХИВ – Хуман имунодефициентен вирус

ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

РСМ – Републка Северна Македонија

МКД – Македонски денари

# Вовед







Во Република Северна Македонија постојат 15 програми за намалување на штети од употреба на дроги кои ги спроведуваат граѓански организации, како и уште десетина други програми за зависности кои, исто така, ги спроведуваат граѓански организации. Најголемиот дел од овие програми се соочуваат со недостиг на доволно финансиски средства за нивно непречено функционирање и исполнување на активностите во насока на: превенција, третман, ресоцијализација и намалување на штетите од употреба на дроги. Почнувајќи од 2018 година, програмите за намалување на штетите од употреба на дроги се финансирани од Министерството за здравство преку годишната програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА. Сепак, овие средства во износ од 21 670 000 денари кои ги добиваат граѓанските организации не се доволни ниту за минималниот пакет на услуги кои тие ги даваат на лицата кои употребуваат дроги и на нивните семејства. Со тие финансиски средства не постои можност за услуги од психолог, од правен советник, за едукативни настани, печатење брошури, набавка на медицински материјали итн. Тоа влијае на вкупниот опфат на клиенти, како и на достапноста на услугите. Затоа ХОПС – Опции за здрав живот Скопје пред 4 години ја започна иницијативата за зголемено финансирање





на овие програми преку средствата кои ги добива Министерството за здравство од акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари. За таа цел вршиме мониторинг на буџетот на Министерството на здравство, пред сè на финансиските средства кои ги добива ова Министерство од акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари за да се утврди дали во рамките на овие финансиски средства постои можност за финансирање на граѓанските организации кои спроведуваат програми за зависности. Анализата за секоја година ни дава еден ист заклучок: Министерството за здравство секоја година добива поголем износ на средства од наплата на акцизи за етил алкохол, за пиво и за цигари во согласност со член 16 од Законот за здравствена заштита за унапредување на здравјето на граѓаните, но во континуитет дел од овие средства ги користи за намени кои не се утврдени со законот. Па оттука, со цел да го утврдиме износот на средства кој го користи Министерството за здравство за намени кои не се утврдени со Законот, по завршувањето на секоја фискална година правиме анализа на спроведувањето на член 16 од Законот. Наодите од оваа анализа треба да им послужат на надлежните институции при донесувањето одлуки за распределба на средствата од буџетот на Министерството за здравство со цел буџетирање на соодветен износ за програмите за намалување на штети од употреба на дроги и другите програми за зависности кои ги спроведуваат граѓанските организации, а во исто време да им помогне на овие граѓански организации соодветно да ги насочат своите напори за застапување. Веруваме дека само со соодветно финансирање на граѓанските организации ќе се исполнат целите на Националната стратегија за дроги 2014–2020 година.

# цел, предмет и методологија

Оваа анализа има цел даде сублимиран приказ на приходите во буџетот на Министерството за здравство остварени преку наплата на дел од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари, а врз основа на член 16, став 1 од Законот за здравствена заштита[1].

1 Во согласност со член 16 од Законот за здравствена заштита, средствата прибрани од акцизи треба да се искористат за: мерки и активности за заштита од штетното влијание врз здравјето на населението на гасови, на бучава, на јонизирачки и на нејонизирачки зрачења, загаденоста на водата, на земјиштето, на воздухот и на храната и на други штетни влијанија на животната средина и работната средина; мерки и активности за зачувување на здравјето на населението; мерки и активности за откривање, за спречување и за сузбивање на заразни болести; обезбедување хигиенско-епидемиолошки минимум на населението; превенција и лекување на карантински болести и наркоманија; мерки и активности за заштита на жените за време на бременоста, породувањето и леунството и заштита на доенчињата; мерки и активности

Дополнително оваа анализа има цел да ги утврди намените за кои Министерството ги алоцира и ги користи овие средства, а врз основа на тоа ненаменски искористените или пак континуирано неискористените средства да се предложат како потенцијален извор за алоцирање на средства за финансирање на програмите за зависности кои се спроведуваат од граѓанските организации.

Наодите во оваа анализа се базираат на податоци и на информации содржани во Буџетот на Република Северна Македонија (РСМ), буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство и податоци добиени од Министерството за здравство и Царинската управа на РСМ во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер. Добиените податоци се однесуваат на износот на наплатени и префрлени средства од акцизи за пиво, за етил алкохол и за цигари во буџетот на Министерството за здравство во 2018 и 2019 година, како и на начинот на кој ги има распределено Министерството овие средства меѓу програмите од својот буџет.

Важно е да се напомене дека поради разликите[2] во податоците на горенаведените два извора, наодите кои се однесуваат на износот на наплатени и префрлени средства исклучиво се базираат на информациите добиени од Царинската управа на РСМ, а пак оние кои се однесуваат на начинот на распределба на средствата се базираат на информации од Министерството за здравство.

---

за организирање и за унапредување на крводарителството; обезбедување трошоци за болни кои се третираат со дијализа; обезбедување лекови за трансплантирани болни; обезбедување цитостатици, инсулин и хормон за раст; мерки и активности утврдени со посебни програми и итна медицинска помош во согласност со утврдената мрежа на здравствени установи. Пречистениот текст на Законот за здравствена заштита е достапен на следниов линк: <http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/ZAKON-ZA-ZDRAVSTVENATA-ZASHTITA-zakluchno-so-br.-37-od-2016.pdf>.

2 **Пример:** износот на примени средства од наплатени акцизи за етил алкохол според Министерството за здравство изнесува 50 096 589 денари за 2018 година или 54 950 754 денари за 2019 година, а пак според Царинската управа 54 950 000 денари за 2018 година или 50 090 000 денари за 2019 година.

# 2

# заклучоци

1. Во 2019 година приходите во буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство остварени преку наплата на дел од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари се намалени за 97 милиони денари во однос на 2018 година и покрај тоа што износот на вкупно наплатените акцизи по овој основ е зголемен.
2. Намалувањето на приходите остварени преку наплата на дел од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари директно влијае на намалување на вкупниот буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство, што го доведува во ризик опстанокот на одредени здравствени услуги на долг рок, кои доминантно се финансираат од овој извор на средства.

3. Во периодот од 2016 до 2019 година, 666 милиони денари од добиените акцизи за пиво, за етил алкохол и за цигари Министерството за здравство ги искористило за намени кои не придонесуваат кон унапредувањето на здравјето на граѓаните, односно надвор од намените утврдени со Законот за здравствена заштита. Иако во последниве две години (2018 и 2019) постои тренд на намалување на ова ненаменско трошење, сепак, ненаменски се потрошени 197 милиони денари од овие средства.

4. Во 2018 и 2019 година само 16 од вкупно 20 програми за превентивна и куративна здравствена заштита добиле средства од наплатените акцизи за пиво, за етил алкохол и за цигари. Исто така износот на средства искористен за овие намени е намален за 1,2 милиони денари во 2019 година во однос на 2018 година и за 84 милиони денари во 2018 година во однос на 2017 година.

5. Министерството за здравство нема воспоставено јасен критериум за распределба на средствата од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари меѓу различните здравствени услуги при што одредени програми и услуги добиваат поголем, а пак одредени програми и услуги помал износ или пак воопшто не добиваат средства.

6. Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, иако не вклучува активности кои придонесуваат директно кон унапредување на здравјето на граѓаните, во 2018 и 2019 година е една од шесте програми за кои се користи голем износ на средства од средствата прибрани со наплата на акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари (42 милиони денари).

7. Постојат разлики во податоците на Министерството за здравство и Царинската управа, а кои се однесуваат на износот на префрлени и добиени средства од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари за 2018 и 2019 година.

# 3

# препораки

1. Министерството за здравство да подготви и да објави и операционализира план за амортизирање на негативните ефекти врз буџетот на самофинансирачки активности на Министерството, а кои произлегуваат од намалениот износ на средства примени како резултат на наплата на акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари, односно план за осигурување на прогресивност на средствата за здравствена заштита на долг рок.
2. Министерството за здравство и Царинската управа да подготват и да објават анализа во која ќе се испитаат причините зошто и покрај зголемувањето на износот на наплатени акцизи за пиво, за етил алкохол и за цигари се намалува износот на префрлени средства по овој основ кон Министерството за здравство и да се оцени нивното влијание врз пристапот на граѓаните до здравствените услуги. Врз основа на направената анализа и оценка да се подготви план за постапување и за надминување на идентификуваните проблеми.

3. Министерството за здравство да подготви и да објави правилник за распределба и за користење на средствата од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари меѓу различните програми за здравствена заштита, а во согласност со Законот за здравствена заштита со цел обезбедување рамномерна распределба на овие средства.
4. Министерството за здравство да преземе чекори за елиминирање на втемелената пракса на користење на средствата од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари за намени кои не се утврдени со Законот за здравствена заштита и овие средства да ги намени за финансирање и за одржливост на програмите за зависности, вклучително и за намалување на штети од употреба на droги кои ги спроведуваат граѓанските организации.
5. Министерството за здравство и Царинската управа да ги испитаат причините за постоењето на разлики во податоците кои се однесуваат на износот на префрлени и добиени средства од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари за 2018 и 2019 година, како и да креираат јавна база каде што ќе ги објават сите податоци поврзани со прибирање и трошење на овие средства.

# 4

# наоди

Во буџетот на Министерството за здравство по основ на наплата на акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари во 2018 и 2019 година од Царинската управа на РСМ префрлени се 1 109 милиони денари (види графикон број 1), односно во 2018 година по овој основ Министерството прибавило 603 милиони денари, а пак во 2019 година 506 милиони денари. **Средствата кои ги добива Министерството како дел од наплатените акцизи за пиво, за етил алкохол и за цигари во континуитет се намалуваат. Во 2017 година средствата се намалиле за 2 милиони, во 2018 година за 12 милиони, а пак во 2019 година за 97 милиони,** што во просек изнесува 5 % на годишно ниво**,** односно во 2019 година по овој основ Министерството добило 110 милиони денари помалку во однос на 2017 година (види графикон број 1).




**Графикон број 1:**
*Износ на средства од акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари префрлени од Царинската управа на РМ во буџетот на Министерството за здравство во периодот од 2013 до 2017 година*

Намалувањето на износот на средства кој се префрла во буџетот на Министерството за здравство дополнително влијае и врз намалување на износот на средства кој е на располагање на Министерството за намените утврдени со Законот за здравствена заштита. Во 2019 година, за разлика од претходните пет години, како резултат на намалувањето на префрлените средства вкупно префрлениот износ на средства од акцизите на Министерството за здравство е речиси на ниво на просечниот префрлен износ на средства за оваа намена во периодот од 2015 до 2019 година (види графикон број 2). Доколку овој тренд на намалување на средствата продолжи и понатаму, значително ќе се доведе во ризик опстанокот на и онака недоволно финансираните здравствени програми.

**Како и да е, намалувањето на префрлените средства не се должи на намалување на износот на вкупно наплатени акцизи.** Во 2019 година Царинската управа наплатила 529 милиони денари повеќе како резултат на акцизи за цигари во однос на 2018 година или 701 милион денари повеќе во однос на 2017 година. Истото тоа се однесува на износот на наплатени акцизи за пиво, односно во 2019 година од наплата на акцизи за пиво прибрани се 49 милиони денари повеќе во однос на 2018 година или 28 милиони денари повеќе во однос на 2017 година.




**Графикон број 2:**
*Износ на средства од акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари префрлени од Царинската управа на РМ во буџетот на Министерството за здравство во периодот од 2013 до 2019 година наспрема просечниот износ на префрлени средства за истиот период, изразено во денари*













**Намалувањето на износот кој го остварува Министерството за здравство како дел од акцизите за цигари, за пиво и за етил алкохол драстично влијае и врз намалување на износот кој го наменува Министерството од своите средства за унапредување на здравјето на граѓаните,** односно во 2018 година[3] речиси сите приходи во буџетот на самофинансирачки активности на Министерството потекнуваат од акцизите за цигари, за пиво и за етил алкохол. Оваа година само 14 %[4] од приходите во овој буџет се приходи остварени од основната дејност на Министерството и толку се искористени за унапредување на здравјето на граѓаните, што е за 11 процентни поени[5] помалку во однос на 2016 година или 2 процентни поени[6] во однос на 2017 година. Оттука трендот на намалување на средствата кои ги остварува Министерството по основ на наплата на дел од акцизите значително може да го доведе во ризик опстанокот на услугите за здравствена заштита.

**И покрај континуираното намалување на средствата кои ги обезбедува Министерството по овој основ, тоа значителен износ на средства троши за намени кои не придонесуваат директно кон унапредување на здравјето на граѓаните** или намени кои не се утврдени со Законот за здравствена заштита. Оттука во 2019 година 10 % од овие средства биле ненаменски искористени, што претставува намалување во однос на претходната година за 15 процентни поени во однос на 2018 година или пак 26 процентни поени во однос на 2016 година (види графикон број 3). Во периодот од 2016 до 2019 година, 666 милиони денари се искористени за намени кои не придонесуваат кон унапредувањето на здравјето на граѓаните или 28 % (види графикон број 3).

---

3 Овој параметар не е прикажан од аспект на 2019 година поради фактот што во моментот на подготовка на анализата и поради пандемијата со ковид-19 подготовката, донесувањето и објавувањето на завршната сметка на Буџетот на РСМ се одложени. Оттука немаме податок за вкупно прибрани средства во буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

4 Осумдесет и шест проценти од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство се обезбедени од наплата на акцизите за цигари, за пиво и за етил алкохол.

5 Седумдесет и пет проценти од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство се обезбедени од наплата на акцизите за цигари, за пиво и за етил алкохол.

6 Осумдесет и четири проценти од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство се обезбедени од наплата на акцизите за цигари, за пиво и за етил алкохол.






**Графикон број 3:**
*Вкупно префрлени средства од Царинската управа во буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство во согласност со член 16, став 1 од Законот за здравствена заштита потрошени за намените утврдени со Законот и надвор од него за периодот од 2016 до 2019 година, изразени во милиони МКД*



**Наместо за намените утврдени со Законот за здравствена заштита, во 2018 и 2019 година Министерството за здравство 197 милиони денари искористило за плати и за оперативни трошоци на Министерството, задоволување на потребите на Агенцијата за лекови, Агенцијата за акредитација, реконструкција на ЈЗУ, набавка на медицинска опрема итн.** (види графикон број 4). Начинот на распределба на средствата од акцизите, надвор од превентивните и куративните програми за 2019 година, не може да се утврди од податоците добиени од Министерството за здравство. Во 2018 година се забележува драстична промена во начинот на распределување на овие средства во однос на претходните години. Како што може да се воочи од графиконот број 4, во 2018 година најголемиот износ на средства прибрани преку наплата на дел од акцизите е наменет за финансирање на куративната здравствена заштита и овој износ расте секоја година почнувајќи од 2016 година. Драстичен пораст се бележи и кај средствата кои се користат од овој извор за Агенцијата за акредитација (шест пати повеќе во однос на 2017 година) и за Националната програма за трансплантација (четири пати повеќе во однос на 2017 година, но помалку во однос на 2016 година). Во 2018 година пораст се бележи и кај средствата наменети за куративна здравствена заштита и тоа во износ речиси два пати повеќе во однос на претходната година. Како и да е, она што е значајно во изминатиов период е тоа што почнувајќи од 2016 година до сега секоја година се намалуваат средствата наменети за програмата



за администрација, а се зголемуваат средствата за куративна здравствена заштита. Но, сепак, и во 2018 и 2019 година постојат средства кои се користат за намени кои не се утврдени со член 16 од Законот за здравствена заштита.








**Графикон број 4:**
*Распределба на средствата од буџетот на самофинансирачки активности по програми во буџетот на Министерството за здравство во периодот од 2016 до 2018 година, изразени во милиони МКД*



Во 2018 и 2019 година повеќе од три четвртини од износот на средствата прибрани од наплата на акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари се искористени за намените утврдени со Законот за здравствена заштита, односно за унапредување на здравјето на граѓаните (912 милиони денари) или за 148 милиони МКД повеќе во однос на 2016 и 2017 година (764 милиони денари). Поточно средствата се искористени за финансирање на 16 од вкупно 20 програми за превентивна и куративна здравствена заштита, а пак овие средства се за 1,2 милиони денари помалку во 2019 година во однос на 2018 година и за 84 милиони денари во 2018 година во однос на 2017 година. Во 2018 и 2019 година, покрај за 17-те превентивни и куративни програми, дел од средствата се искористени за спроведување на Националната програма за трансплантација и тоа четири пати повеќе во однос на 2017 година. Дополнително во 2018 и 2019 година четири програми воопшто не добиле средства од наплатените акцизи за пиво, за цигари и за етил алкохол (Програма за задолжи-

телна имунизација, Програма Здравје за сите, Програма за целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на населението и Програма за обезбедување на инсулин за инсулинозависни пациенти).

И покрај тоа што повеќе од три четвртини од прибраните средства од наплата на акцизи за пиво, за етил алкохол и за цигари се искористени наменски, сепак и **во распределбата на овие средства Министерството нема јасен критериум, па за некои програми издвојува поголем дел од расположливите средства, а за некои помал** (види графикон број 5).

**Програми за кои во 2018 и 2019 година се издвојува најголем износ од средствата прибрани од наплатата на акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари (81 % или пак 737 милиони денари) се Програмата за лекување на ретки болести** (421 милион денари), **Програмата за партиципација на осигурени лица** (115 милиони денари), **Програмата за болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РСМ** (70 милиони денари), **Програмата за кардиоваскуларни болести** (47 милиони денари)**, Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА** (43 милиони денари) **и Програмата за едукација на лекари и медицински персонал** (42 милиони денари)**.** Листата на програми кон која се насочуваат и се трошат најголем дел од средствата прибрани од акцизите останува речиси непроменета во изминативе четири години. Иако во апсолутен износ на средствата овие шест програми повлекуваат најголем износ на средства од акцизите, сепак од аспект на нивното учество во вкупниот износ на средства искористени за унапредување на здравјето на граѓаните најголем износ на средства повлекуваат Програмата за лекување на ретки болести (46 %) и Програмата за партиципација на осигурени лица (13 %). Останатите програми учествуваат со 5 до 8 % во вкупниот износ на средства од наплатени акцизи искористени во согласност со Законот за здравствена заштита (види графикон број 5).

Како и да е, во 2018 и 2019 година оваа листа на програми е дополнета со Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА. Најголемо зголемување во 2019 година, во однос на претходните три години, се забележува кај Програмата за организирање и унапредување на крводарителството и Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА. Во 2019 година се бележи пораст и кај средствата за едукација на лекари и медицински персонал во однос на 2018 година, но сепак издвоениот износ е значително помал во однос на 2017 и 2016 година (види графикон број 5).














**Графикон број 5:**
*Распределба на наменски искористените средства од прибраните акцизи за цигари, за пиво и за етил алкохол по програми во буџетот на Министерството за здравство во периодот од 2016 до 2019 година*



Најмал износ на средства од наплатените акцизи за цигари, за пиво и за етил алкохол се наменети за: Програмата за сузбивање на бруцелоза (1 милион денари), Програмата за систематски прегледи на студенти и ученици (6 милиони денари) и Програмата за здравствена заштита на лицата кои се третираат со дијализа (7 милиони денари).

Анализирајќи го трендот на дистрибуција на средствата од акцизите во 2018 и 2019 година утврдивме дека најголемо зголемување во износот на алоцирани средства од добиените преку наплата на дел од акцизите за етил алкохол, за пиво и за цигари во однос на претходните години има кај: Програмата за лекување на

ретки болести (просечно 20 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за заштита на лицата со душевни растројства (просечно 3 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за трансплантација (просечно 1,5 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за рана детекција на малигни заболувања (5 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за организирање и унапредување на крводарителството (просечно 7,5 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за здравствена заштита на лицата кои се третираат со дијализа (просечно 2,5 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА (просечно 5 милиони денари повеќе на годишно ниво); Програмата за партиципација на осигурени лица (просечно 1 милион денари повеќе на годишно ниво) и Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата (0,75 милиони денари на годишно ниво), (види графикон број 6 и Анекс 1).

Промени во обезбедениот износ на средства во 2018 и 2019 година не се бележат кај следниве програми: Програма за здравствена заштита на лица со болести од зависност (10 милиони денари на годишно ниво); Програма за превентивна здравствена заштита (10 милиони денари на годишно ниво); Програма за систематски прегледи на ученици и студенти (3 милиони денари на годишно ниво); Програма за сузбивање и спречување на бруцелоза (0,5 милиони денари на годишно ниво); Програма за спречување на туберкулоза кај населението (10 милиони денари на годишно ниво) и Програма за лекување без наплата на партиципација на пензионери со пензија пониска од просечната (30 милиони денари на годишно ниво), (види графикон број 6 и Анекс 1).

Дополнително, во анализираниот период, намален е износот на средства кои се алоцирани од наплатените акцизи за спроведување на Програмата за кардиоваскуларни заболувања (од 35 милиони во 2017 година на 25 милиони во 2019 година) и Програмата за едукација на лекари и медицински персонал (од 31 милион во 2017 година на 25 милиони во 2019 година), (види графикон број 6 и Анекс 1).








**Графикон број 6:**
*Движење на средствата од акцизите за пиво, за етил алкохол и за цигари по поединечни превентивни и куративни програми во периодот од 2013 до 2019 година*

## Анекс 1 – Распределба на средства од наплатени акцизи за етил алкохол, за пиво и за цигари меѓу програмите за здравствена заштита од буџетот на Министерството за здравство

| Назив на програма | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Програма за лекување на ретки болести | 0 | 14,884,181 | 15,000,000 | 123,000,000 |
| Програма за едукација на лекари и медицински персонал | 0 | 2,000,000 | 1,263,600 | 61,499,633 |
| Програма за партиципација на осигурени лица | 0 | 0 | 0 | 47,679,000 |
| Програма за кардиоваскуларни болести | 0 | 0 | 0 | 43,660,000 |
| Програма за лекување без наплата на партиципација на пензионери со пензија пониска од просечната во РМ | 0 | 0 | 0 | 29,999,200 |
| Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА | 0 | 0 | 158,580 | 25,000,000 |
| Програма за заштита на лица со душевни растројства | 0 | 0 | 0 | 15,000,000 |
| Програма за трансплантација | 0 | 0 | 0 | 14,272,612 |
| Програма за здравствена заштита на лица со болести од зависност | 0 | 0 | 0 | 10,000,000 |
| Програма за превентивна здравствена заштита | 0 | 211,450 | 17,207,046 | 6,372,780 |
| Програма за обезбедување на инсулин за инсулинозависни пациенти | 0 | 10,000,000 | 10,000,000 | 4,577,000 |













| Година | | |
|---|---|---|
| 2017 | 2018 | 2019 |
| 160,000,000 | 19,000,000 | 20,000,000 |
| 31,344,860 | 1,900,000 | 5,000,000 |
| 47,999,971 | 0 | 0 |
| 35,794,805 | 0 | 0 |
| 30,000,000 | 0 | 0 |
| 15,444,242 | 500,000 | 500,000 |
| 14,967,557 | 0 | 0 |
| 1,041,227 | 0 | 0 |
| 10,000,000 | 0 | 0 |
| 10,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 |
| 0 | 0 | 0 |

| Назив на програма | Година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| Програма за рана детекција на малигни заболувања | 0 | 0 | 0 | 4,180,000 |
| Програма за организирање и унапредување на крводарителство | 0 | 9,971,900 | 9,999,900 | 4,000,000 |
| Програма за систематски прегледи на ученици и студенти | 0 | 66,852,909 | 172,997,184 | 2,000,000 |
| Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата | 0 | 0 | 0 | 1,500,000 |
| Програма за сузбивање и спречување на бруцелоза | 0 | 0 | 0 | 422,560 |
| Програма за здравствена заштита на лица кои се третираат со дијализа | 0 | 0 | 0 | 315,878 |
| Програма за спречување на туберкулоза кај населението | 0 | 0 | 14,000,000 | 0 |
| Програма за задолжителна имунизација | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Програма Здравје за сите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Програма за целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на населението | 0 | 0 | 0 | 0 |













| Година | | |
|---|---|---|
| 2017 | 2018 | 2019 |
| 1,999,936 | 0 | 0 |
| 5,000,000 | 40,000,000 | 30,000,000 |
| 1,999,521 | 65,000,000 | 50,000,000 |
| 5,492,394 | 0 | 0 |
| 0 | 0 | 0 |
| 0 | 0 | 0 |
| 0 | 21,600,000 | 25,000,000 |
| 0 | 0 | 0 |
| 0 | 0 | 0 |
| 0 | 0 | 0 |

# користена литература


1. Измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ број 188/2014 година од 19.12.2014 година.

2. Буџет на РСМ и измени и дополнувања на буџетот на РСМ за периодот од 2013 до 2019 година, како и завршна сметка на Буџетот за периодот од 2013 до 2018 година, достапни на следниов линк: <https://finance.gov.mk/mk/Budget_RSM_2020>.